## *МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk


**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-**

# З А П И С Н И К

**Од 159.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 27.08.2021 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов, Гајур Рамадани, Илир Рамадани,Златко Јанковски, Косана Мазнева Николиќ Ивана Трајковска, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Горан Атанасов Директор на заеднички функции и администрација, Дарко Стефановски – Прретседател на Надзорен одбор на МРТ, Розалина Нелова Димовска – раководител на одделение за правни и нормативни работи. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата состојба со Ковид кризата во државата,159.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 158 седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување на Изјавата-Известување на членот на Надзорен одбор на МРТ Никола Ѓорчев бр.03-4385/1 од 19.08.2021 година и Констатирање на оставката.

3. Разгледување на Информација по точка I од Заклучокот на Надзорниот одбор на ЈРП МРТ донесен на 26-та седница одржана на 27.07.2021 година

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 158.седница на Програмски совет на МРТ.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 158.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Збор зеде Снежана Клинчарова која истакна дека записникот е доставен и образложенијата по втортата точка се такви какви што се, но дека одлуката е донесена, а како таква придонела за зголемување на недисциплината во институцијата. Притоа најави дека под точката разно сака да се дебатира за две работи, првата веќе ја спомена, а втората се однесува на ЗАМП и Јошко Бошковски. За збор се јави и Ристе Панов кој имаше забелешко во однос на делот на неговото излагање и во делот на образложението на Одлуката за уважување на жалбата на Топалова, односно напомена дека треба да биде внесен членот од ЗЈП односно законскиот основ за прифаќање на жалбата.
По расправата записникот од 158.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Со дадената забелешки на записникот, по извршеното гласање се констатира дека записникот од 158.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен** од Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 2: **Разгледување на Изјавата-Известување на членот на Надзорен одбор на МРТ Никола Ѓорчев бр.03-4385/1 од 19.08.2021 година и Констатирање на оставката.**

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по однос на втората точка од дневниот ред спомена дека во прилог е доставена оставката на членот на Надзорниот одбор, Никола Ѓорчев, кој добил позиција во амбасадата во САД. Притоа напомена дека нема дилема дека треба да се констатира оставката, но дилемата постои дали Програмскиот совет има обврска да го пополни испразнетото место имајќи во предвид дека се распишани избори, но и дека Надзорниот одбор на МРТ може да работи со 6 члена. Од тој апсект Претседателката на Програмскиот совет на МРТ истакна дека можеби е добро да се испрати допис до Државната комисија за спречување на корупција, по што му даде збор на Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ.
Дарко Стефановски истакна дека согласно Закон и Статутот на МРТ кај него нема дилема дека Прогрмаскиот совет треба во рок од 15 дена да распише оглас за избор на нов член на Надзорниот одбор, но дека треба да се има во предвид дека се веќе распишани избори и дека функционалноста на Надзорниот одбор не е доведена во прашање по што напомена дека треба Програмскиот совет да се обрати до ДКСК и да постапи согласно насоките од Анткорупциска.
Се отвори дискусија по однос на мислењето дали Програмскиот совет треба да се обрати до ДКСК(Државна комсиија за спречување на корупција) по однос за изборот на нов член на Надзорниот одбор на МРТ.
Ристе Панов напомена дека е на мислење дека треба да се обратат до ДКСК дали може да се распише оглас за избор на нов член на НО на МРТ, но дека прво треба да се констатира оставката на членот на Надзорниот одбор на МРТ – Никола Ѓорчев согласно членот 28 од Статутот на ЈРП МРТ. На што се надоврза Претседателката на Програмскиот совет која истакна дека оставката ќе се констатира, но исткана дека би требало да се договорат кој ќе биде наредниот чекор на Програмскиот совет. Збор зеде и Снежана Клинчарова која истакна дека кај неа има резерва по однос можноста да се обратат до ДКСК особено поради јавниот настап на Претседателката на Антикорупциската комисија баш на темата за која се дискутира.
Во совето излагање Анита Љатифи истакна кога на некој функционер му престанува мандатот дека и во поериод на распишани избори може да се пополни местото и дека очекува позитивно мислење од страна на ДКСК, односно дека не процес на започнување на постапка за ново вработување.

На тоа се надоврза Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ кој даде предлог Правниот сектор на МРТ да ја провери целокупната законска регулатива по однос на можноста на Програмскиот совет на МРТ да распише оглас за избор на член на Надзорниот одбор на МРТ во услови кога се распишани избори. За овој предлог позитивно се изјаснија повеќето членови на Програмскиот совет.
Ведат Мемедалија - Заменик на Претседателтот на Програмскиот совет истакна дека Антикорупциска пред неколку дена дала негативно мислење за избор на член на Управен одбор на АЕК, и дека при изготвување на Мислењето од страна на правна служба во предвид да се има и мислењето од Собранието на РСМ со кое овој состав на Програмскиот совет не може да избира Директор и Заменик на директорот на МРТ, односно да провери дали тоа се однесува и на Надзорниот одбор. На крај се даде рок во кој Правната служба треба да достави Мислење до Програмскиот совет.

По расправата Програмскиот совет на МРТ во врска со на Изјавата-Известување на членот на Надзорен одбор на МРТ Никола Ѓорчев бр.03-4385/1 од 19.08.2021 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за престанок на мандатот на член на Надзорниот одбор на МРТ**

1. Оставката на членот на Надзорниот одбор на МРТ **НИКОЛА ЃОРЧЕВ,** поднесена до Програмскиот совт на МРТ на ден 19.08.2021 година, под број 03-4385/1 СЕ ПРИФАЌА, со што се констатира престанок на мандатот поради поднесување на оставка.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Согласно член 28 од Статутот на ЈРП МРТ бр.01.4454/2 од 16.08.2020 година, членот на Надзорниот одбор на МРТ, Никола Ѓорчев, до Програмскиот совет на МРТ достави Изјава – Известување бр.03-4385/1 од 19.08.2021 година, заверено на нотар, со која поднесе ОСТАВКА од функцијата која ја извршува во ЈРП МРТ. Во рамките на своите надлежности предвидени со член 124 став 1 алинеа 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Сл.весник на РМ бр.184/13;13/14; 44/14;101/14;132/14,132/17,168/18, 248/18 и 27/19 и Службен весник на РСМ бр.42/20 и 77/21), член 28 и член 37 став 1 алинеа 4 од Статутот на ЈРП МРТ Програмскиот совет на МРТ одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По извршеното гласање Прогамскиот совет на МРТ едногласно ја донесе одлуката.

По расправата Програмскиот совет на МРТ во врска со на Изјавата-Известување на членот на Надзорен одбор на МРТ Никола Ѓорчев бр.03-4385/1 од 19.08.2021 година, го донесе следниот **З а к л у ч о к**

Програмскиот совет на МРТ ја задолжува Правната служба на МРТ во рок од 3 дена да достави Мислење до Прогрмаскиот совет дали согласно важечката законска регулатива може да се започне постапка за избор на нов член на Надзорен одбор на МРТ.

По извршеното гласање Прогамскиот совет на МРТ едногласно го донесе заклучокот.

**ТОЧКА 3:Разгледување на Информација по точка I од Заклучокот на Надзорниот одбор на ЈРП МРТ донесен на 26-та седница одржана на 27.07.2021 година**

- По однос на третата точка од Дневниот ред Претседателката на Програмскиот совет на МРТ му даде збор на Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ кој во излагањето ги изнесе согледувањето на Надзорниот одбор по однос на материјалот и заклучоците кои се донесени и се доставени и до Програмскиот совет. По однос на материјалите кои беа доставени до Надзорниот одбор, како и врз база на тврдењата на Директорт на седницата по однос на приходната и расходната страна до крајот на годината може да се заклучи дека финансиската и ликвидносната состојба е редовна и нормална. Понатака Претседателот на Надзорниот одбор продолжи со образложување на заклучоците на Надзорниот одбор кои беа донесени на 29та седница.

По однос на оваа точка Горан Атанасов – Директор на заеднички функции и администрација истакна дека во подноc на приходната страна парите предвидени со ребалансот на буџетот веќе се исплатени, а по однос на обврските кон Париски и Лондонски клуб активно се работи на изнаоѓање на решение за што во наредниот период ќе бидат дополнително информирани.

**ТОЧКА 4: Разно**

Под точката разно Претседателката на Програмскиот совет и даде збор на Снежана Клинчарова која уште на почетокот на седницата напомена дека сака да отвори дискусија по однос на две точки.
Снежана Клинчарова во врска со првата тема врз основа на информациите со кои располага истакна дека во голема мера зголемена е недисциплината во МРТ, особено во информативната програма, каде што според информациите со кои располага Топалова одбила уште една работна задача поврзана со пожарите кои ја зафатија Македонија, но нема добиено сознанија дали е покрената нова дисциплинска постапка за овој случај, меѓутоа ги запозна присутните со постапката која се води против Борислав Стојковиќ кој е вработен како сниматeл камерман 3, а кој исто така одбил да изврши работна задача односно да се уклучи на линк на програма во живо. Исто така истакна дека дисциплинската постапка против Топалова не била случајна и наеднаш поведена, односно дека таа се должела на нејзиното однесување (според колегите и уредниците несоодветно) во континуитет последните неколку месеци пред постапката да биде покрената. Понатака во своето излагање Клинчарова се осврна и на прилогот на Топалова за една телевизија од соседството за кое имаше забелешка на содржината на прилогот. На крај од излагањето во врска со оваа тема истакна дека Програмскиот совет треба да има во предвид дека со одлуките кои ги носи со цел да не биде генератор на недисциплина во МРТ и притоа побара од менаџментот да биде доставена информација на Програмскиот совет дали има Правилник во ЈРП МРТ за начинот и под кои услуви новинарите може да соработуваат со други медиумску куќи и медиуми, поради тоа што има шпекулации дека не само новинарите туку и останатите вработени во МРТ „тезгарат“.
Потоа за збор се јави Ведат Мемедалија – Заменик на претседателот на Програмскиот совет на МРТ кој побара на следната седница задолжително присуство на Уредникот на информативната програма на МТВ1 – Стојан Трпчевски, како би се расчистила ситуацијата околу Катерина Топалова Дејановска и дека тој со информациите со кои располага Тоаплова е единствениот новинар 3 кој се понудил да ги уредува вестите. По однос на тврдењата дека Топалова одбила задача поврзана со пожарите, Ведат Мемедалија категорично ги отфрли и ги окарактеризира како невистина и истакна дека е подготвен да поднесе оставка доколку некој од уредниците го потврди тоа што го истакна Клинчарова, по што побара доколку се утврди дека Топалова не одбила да изврши работна задача поврзана со пожарите тогаш Клинчарова јавно да и се извини.
На ова се надоврза Клинчарова која истакна дека врз основа на нејзините информации со кои располага на ден 6 август 2021 година, Топалова, одбила да изврши работна задача.

По однос на оваа тема Ивана Трајковска истакна дека не и се допаѓа начинот на кој се презентираат одредени информации до членовите на Програмски Совет. Таа и додаде дека ова станува пракса и се провлекува низ многу седници во изминативе месеци, односно дека речиси никој не знае од каде пристигнуваат информациите до Програмски Совет. Таа и потсети дека постои правно пропишан пат за тоа како треба да се доставуваат информации и барање до членовите на Програмски Совет. Укажувачи и свиркачи не е еден од тие начини. По однос на тезгарењето побара информација дали на новинарите им е забрането да работат за други медиуми.
Потоа за збор се јави Анита Љатифи која истакна дека не се согласува со тврдењето на Клинчарова според кое одлуките на Програмскиот совет се генератор на недисциплина кај новинарите, туку дека со одлуките се ограничува самоволието на надредените.

Гајур Рамадани во своето излагање побара информација од Директорката на Македонско радио до каде е постапката за добивање на френкфенција за Четвртиот програмски сервис на македонското радио.

Кога се отвори темата за радио Снежана Клинчарова го отвори и второто прашање кое го најави на почетокот на седницата, имено побара од Комисијата која требаше да го испита можниот судир на интереси кај уредниците во МРТ да достави информација по однос на случајот со Јошко Бошковски и ЗАМП, бидејќи според информациите кои ги добила, именуваниот само за 2020 година од страна на ЗАМП добил 36 000 евра, а за претходните години од 2017-2019 добил 60 000 евра. Исто така побара информација и од страна на Директорката на МРА до каде е постапката со утврдување на евентуалната одговорност за судир на интереси.
Косана Николиќ Мазнева истакна дека треба од страна на Комисијата да се добие писмена информација.
Горан Атанасов како член на Комисијта истакна дека од страна на претседателот на Комисијата добил известување дека се чекало подолг период за да се добијат податоците од страна на ЗАПМ, станувало збор за евиденцијата за која требало подолг период да се обработи и да се види што ќе прозилезе од обработката на податоците, исто така најави дека во текот на наредна недела, според податоците со кои располага, Комисијата ќе има состанок на кои ќе утврди што ќе се преземе по однос на ова прашање и дека на следната седница на Програмскиот совет ќе бидат доставени бараните податоци.
Ведат Мемедалија побара информации за емитувањето на авторисктие дела на МТВ 2, поради тоа што има забележано дека се емитуваат дела кои се на вработен во МТВ2.

На крај беше договорено на седницата во четврток да бидат поканети Стојан Трпчевски- Уредника на Информативна програма на МТВ1, Анета Андонова – Одговорен уредник на МТВ1, Ајтен Власаку Мехмети – Директор на МРА, Захарија Вулгаракис – Директор на МТВ и член на Комисија.

Седницата заврши во 12:20 часот.

Записничар
И.Тримчески

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател